РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Одбор за акредитација и евалуација
на високото образование
Бр. 12 - 139/2
04. 05. 2012 год.
СКОПЈЕ

— Архива
— Декан
— Угар

6-6-2012

03 1508

Врз основа на член 71 став 2 алинеа 4 и 104 став 2 од Законот за високото образование ("Службен весник на Република Македонија" број 35/08, 103/8, 26/9, 83/09, 99/09,115/10,17/11, и 51/11), Одборот за акредитација на 8. седница одржана на 29.03.2012 година, донесе

# РЕШЕНИЕ

**со кое се акредитира изменетата студиска програма за додипломските студии од првиот циклус на студии по ветеринарна медицина на Ветеринарниот факултет на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје**

1. Се акредитира изменетата студиска програма од првиот циклус на студии по **Ветеринарна медицина на Факултетот за ветеринарна медицина на** Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, согласно Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според меѓународната Фраскатиева класификација која е дадена како Прилог 1 на Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11).

2. Акредитацијата од точка 1 на ова решение се дава за студиска програма за првиот циклус студии по **Ветеринарна медицина**, во траење од пет години ( десет семестри).

3. По завршените студии на првиот циклус, студентот се стекнува со научниот степен: **Доктор по ветеринарна медицина.**

4. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

## Образложение

Универзитетот „ Св. Кирил и Методиј" во Скопје, по претходно донесената одлука на Наставно научниот совет за давање согласност за изменување на студиските програми од првиот циклус на студии (академски), како и Одлуката за усвојување на изменетите студиски програми од Сенатот на унивезитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, поднесе Елаборат за акредитација на студиска програма бр.12-139/1 од 09.03.2012 година до Одборот за акредитација на високото образование за прифаќање и акредитација на изменетата студиска програма по ветеринарна медицина.

Одборот за акредитација на меѓуседница 7/8 година формира експертска комисија и на 8 седница одржана на 29.03.2012 година, врз основа доставениот елаборат и извештајот на експертската комисија одлучи како во диспозитивот на ова решение.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА
ОДБОРОТ ЗА АКРЕДИТАЦИЈА
НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ,
проф. д-р Михаил Петковски